Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 249/0306
05.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Ленче Милошева, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот „Инфомакс“, со текстот насловен „Ни Метла, ни правосмукалка – нов случај на непотизам во СДСМ: Психолог се претставува како доктор: Сопругата на државен секретар на конференција на СЗО“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 8 мај 2019 година, Ленче Милошева, поднесе жалба за текстот со наслов „Ни метла, ни правосмукалка – нов случај на непотизам во СДСМ: Психолог се претставува како доктор: Сопругата на државен секретар на конференција на СЗО“, објавен на 8 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Инфомакс.мк“ (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Подносителот на претставката, д-р Милошева, посочува дека текстот е невистинит, вулгарен и полн со клевети, навреди и омаловажувања и оти го урива нејзиниот и угледот на нејзиниот сопруг.

*„По вокација сум клинички психолог и двоен доктор на клиничко - психолошки науки (клиничка психопатологија и психопатологија), со специјалистичка едукација од психотерапија, со други зборови компетентна за ментално здравје, доживотно избрана универзитетска професорка по клиничка психологија и психопатологија на Факултет за медицински науки, УГД, со долгогодишно клиничко искуство во Воена болница, Скопје, Оддел. за психијатрија и неврологија. Поканата ( во прилог ) за оваа конференција е од Канцеларијата на СЗО во Копенхаген, а не од мојот сопруг, кој нема никакви ингеренции, ни допирна точка со оваа проблематика“*, наведува Милошева во поднесената претставка.

Милошева во прилог на жалбата до Советот за етика приложи и белешки за дневниот ред на конференцијата, како и за нејзината професионална биографија. Во однос на подготвеноста на Интернет - порталот „Инфомакс“ да објави демант и да обезбеди помирување меѓу страните Милошева ја одби таквата можност и побара Советот за етика да ја продолжи процедурата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет - порталот „Инфомакс“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори дека жалбата ја отфрла делумно и дека како редакција е подготвена да објави демант на информацијата. Според „Инфомакс“, одговорноста за содржината требало да се бара кај Интернет - порталот „Здравство.мк“, од каде што била преземена информацијата. Главниот и одговорен уредник Александар Митовски ги отфрла наводите на

жалителот дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, навреда и клевета, зашто, како што наведува, на жалителката воопшто не ѝ било оспорено правото на политичка или верска определба, етничка припадност или нејзиниот пол, туку била наведена нејзината функција.

*„Што се однесува на приватноста, жалителката е подложна на јавниот дискурс како политички избран функционер, а на предметната конференција учествувала како претставник на Министерството за здравство, кое, колку што знаеме, сè уште не е приватна сопственост“*, вели Митовски во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, се согласија дека текстот, кој обработува тема поврзана со наводен сомнеж за конфликт на интереси и непотизам, произлегува од јавниот интерес и дека активностите на носителите на јавни функции, вклучително и на нивните семејства, подлежат на јавен надзор. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека иако се работи за текст преземен од друг медиум, тоа не ги намалува обврските и одговорностите на порталот, пред сè, од аспект на пренесените информации дека д-р Ленче Милошева присуствувала на конференција на СЗО поради влијанието на нејзиниот сопруг, кој е државен секретар во Министерството за здравство. На тој начин, новинарот не обезбедил потполна информација и не го испочитувал основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов и од д-р Милошева. Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следниве реченици:
***„ Единствената сопсобност која што ја има како квалитет е тоа што е сопруга на Владимир, државниот секретар“,*** пишува порталот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Ленче Милошева, има завршено Филолошки факултет смер психологија и како таква не одговара на описот и позицијата која е испратена да ја претставува бидејќи нејзината вокација нема никаква врска со незаразни болести, бидејќи нема никакви допирни точки за да биде познавач, а камоли уште повеќе координатор пред поголем аудиториум на темата незаразни болести“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во овој контекст, Комисијата констатираше дека медиумот, доколку сакал, можел да добие став од надлежните и да ги разјасни околностите во случајот, како што тоа го сториле неколку други медиуми, кои побарале мислење од координаторот на СЗО, Бојан Бошковски. Ставот на Бошковски е дека Милошева била номинирана лично од негова страна и дека било соодветно да учествува на конференцијата, која била посветена на незаразните болести, вклучително и на менталното здравје.

Членовите на Комисијата, ја оценија како позитивен пример подготвеноста на Интернет - порталот „Инфомакс“ да објави демант во рамките на покренатиот процес на медијација (помирување) меѓу страните, но подносителот на жалбата, д-р Милошева, сепак одлучи да не биде дел од постапката на помирување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Инфомакс.мк“ (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија — Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКАПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595